Обезбедено **приватно здравствено осигурување** и **напредок во кариерата** согласно личните постигнувања, исплата на **максимален износ на регрес** за годишен одмор, обезбедена **стабилна и сигурна работа** со почитување на сите законски одредби.

Ова се само дел од поволностите кои ги нудиме.

Нашата компанија, Макстил АД Скопје (www.makstil.com) е дел до глобална групација, со долгогодишна традиција и репутација на светскиот пазар во металопреработувачката индустрија. Ова ни овозможува да нудиме најдобри услови за работа на нашите вработени.

Во моментов, во рамки на нашиот тим за Набавки, отворено е следново работно место:

## Референт за набавки

**Опис на работно место:**

- Прима барања за набавки и креира барања за понуди;
- Контактира со одобрени добавувачи и формира предмет со сите пристигнати понуди;
- Креира договори за набавка и го следи нивното извршување;
- Ја комплетира потребната документација за финансиско ликвидирање на предметот.

**Работни услови:** Работа во една смена, од понеделник до петок.

**Потребни квалификации:**

- Високо образование – економист или електро инженер;
- Без или со мало работно искуство;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Способност и желба за тимска работа;
- Личен и професионален интегритет;
- Самоиницијативност и посветеност.

Доколку сакате да станете дел од нашиот тим и имате искрена желба за учење на нови работи, испратете ја вашата кратка биографија по електронски пат на **kariera@makstil.com.mk**, со назнака за работното место за кое аплицирате, најдоцна до **30.09.2023 година**.

Макстил АД Скопје обезбедува еднакви можности за вработување на сите кандидати и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација.

Согласно Законот за заштита на лични податоци вашата апликација и податоците ќе се користат исклучиво за потребите за вработување за работното место Референт за набавки и ќе бидат избришани од нашата дата база во рок од 5 дена по склучување на договор за вработување со избраниот кандидат.